# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЗАКОН ЗА ОРУЖЈЕТО

**Наслов***:* Законот за оружјето

**Доставено барање мислење од :** Македонска спортска стрелачка федерација

**Област:** Внатрешни работи

## Генерална оценка

### 1. Осврт :

Со овој закон се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање), промет, превоз и пренесување преку државна граница на оружје и муниција.

### 2. Разгледани / консултирани дополнителни материјали:

- Закон за оружјето (Службен весник на РМ бр 7/200, 47/2007, 86/2008, 72/2010, 158/2011, 119/2013, 138/2013, 164/2013, 152/2015, 193/2015 и 55/2016 )
- Правилник за програма за оспособување за правилна употреба, чување и одржување на оружјето, начинот на спроведување на практично оспособување за ракување со оружје, како и начинот на спроведувањето на стручниот испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружјето. (Службен весник на Р.М, бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 158/11, 164/13 и 145/14 )

Државната Комисија за спречување на корупција согласно Законот за спречување на корупција (чл.49. став.1 точка 3) и Законот за спречување на судир на интереси (член 21. став. 1 точка. 2), применувајќи ја Методологијата за Антикорупциска проверка на легислативата, а постапувајќи по барање мислење за антикурипциската проверка на Законот за оружјето 14 6. став 3 и 4 од Македонска спортска стрелачка федерациаја, го донесе следниот:

### Заклучок

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка односно анализа и оценка на формата и содржината на Законот за оружјето (Сл.весник на РМ бр. 7/05, 47/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 138/13, 164/13, 152/2015, 193/2015 и 55/2016 ) а со посебен осврт на членот 14-6 став 3 и 4 од истиот закон, утврди постоење на корупциски ризици.

Имено, согласно Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата во која е содржана и листата на ризиците од корупцијата, а врз основа на која се спроведе и анализата и проверката на предметниот закон, ДКСК утврди дека во конкретниот случај постојат ризици од корупција во примената на дискреционо овластување и простор за појава на состојба за судир на интереси.

## Образложение

При целосната анализа и проверка на Законот за оружјето со сите измени и дополнувања е констатирано дека во членот 14- 6 став 1 и 2 од Законот за оружјето (Сл.весник на РМ бр 7/200, 47/2007, 86/2008, 72/2010, 158/2011, 119/2013, 138/2013, 164/2013, 152/2015, 193/2015 и 55/2016 ) во кој што се вели дека:

"По практичното оспособување за ракување со оружје се полага стручен испит кој се спроведува во просториите на овластеното правно лице кое техничи го спроведува стручниот испит". "Стручниот испит се полага пред комисии формирани од министерот за внатрешни работи " - јасно се покажува дека е пропишана дискреција на министерот за внатрешни работи.

Неоспорувајќи го дискреционото право на министерот за внатрешни работи за формирање на комисија за полагање на стручен испит, ризик од корупција се детектира во фактот што во законот не е утврдена постапката за изборот на членовите на "Комисијата за полагање на стручниот испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружје" (во понатамошниот текст комисија) ниту пак се утврдени услови и критериуми за нивен избор.

Оттаму се оценува дека дискреционото овластување на министерот за внатрешни работи за формирање на оваа комисија е ризик од корупција затоа што може да биде субјективно, пред се за членовите преставници од министерството за внатрешни работи од причина што нема пропишани услови и критериуми за кандидатите, како и постапка за спроведување на овој избор.

Во членот 14-6 став 3 и 4 од Законот за оружје, каде е утврдено дека комисиите се составени од претседател, двајца членови и нивни заменици, каде претседателот и неговиот заменик се претставници од Министерството за внатрешни работи, вториот и третиот член на комисијата и неговиот заменик се претставници од овластеното правно лице во кое се спровело практичното оспособување, третиот член на комисијата и неговиот заменик се информатичари од овластеното правно лице, исто така се детектира ризик од корупција бидејќи министерот за внатрешни работи, повторно без пропишана постапка и критериуми врши избор на останатите членови во комисијата за полагање на стручниот испит кои се претставници од овластеното правно лице.

Имајќи го во предвид фактот дека како членови на комисија се избираат претставници од МВР, а другите двајца и нивните заменици се претставници од овластеното правно лице,

повторно се отвара сомнеж за ризик од корупција заради можен **судир на интереси**. Со ваквиот состав на комисијата овластеното правно лице остварува мнозинство со што целосно влијае во работата на истата.

Се претпоставува дека претставниците од овластеното правно лице можат да настапуваат во интерес на овластеното лице, односно во свој интерес, имајќи го во предвид фактот дека на членовите и нивните заменици за секој спроведен испит им следува паричен надоместок во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија кои се надоместуваат од овластеното правно лице.

Анализата на законот ја отвори и дилемата за "овластеното правно лице" во смисла на тоа, дека во законот не може да се најде прецизен опис на тоа кој се може да биде овластено правно лице, односно кои се критериумите и условите за стекнување со својството на овластено правно лице.

Исто така во врска со ова, во предметниот закон не постои пропишана постапка како надлежниот орган врши селекција или избор на овластено правно лице без предходно да бидат пропишани условите кои треба да ги исполнат тие правни лица за предлагање односно кандидирање на членови на комисијата.

Како друг ризик од корупција е детектиран и ризикот "**недефинирани рокови"**. Во постапката за давањето одобрение за набавување на оружје, подносителот на барањето освен условите наведени во член. 9 од Законот за Оружје, треба да приложи и доказ за положен стручен испит за практично оспособување за ракување со оружје. Очигледен е фактот дека никаде во Законот не е наведен дека во кој одреден **рок** на барателот треба да му се издаде Одобрението за набавување на оружје. Отаму може да се остава можност за корупција, па затоа заради избегнување на можноста од корупција предлагаме во предметниот Закон стриктно да стои и во кој одреден рок на барателот (кој што ги исполнува условите наведени во член 9) да му се издава Одобрение за набавување на оружје од страна на Минисиterството за внатрешни работи кој што ја водел постапката.

## Заклучоци и препораки

Државната комисија за спречување на корупцијата при спроведената анализа и проверка на горенаведениот закон заклучи дека е потребно да се преземат чекори за надминување на ова состојба во насока на:

- прецизирање на условите и критериумите за именување на членови на наведената комисија за полагање на стручниот испит заради ограничување на можноста за злоупотреба на дискреционо овластување.
- Пропишување на процедура за спроведување на постапката за избор на членови на комисијата, каде тие задолжително да бидат избрани од различни овластени правни

лица вклучувајќи ги и претставници од други релевантни институции (Македонска спортска стрелачка федерација и др.).

- Прецизирање на условите и критериумите за стекнување со својство на овластено правно лице.
- Прецизно дефинирање на роковите за издавање на Одобрение за набавување со оружје.

Според горенаведеното произлегува дека заради уредување на овие прашања е неопходна измена и дополнување на предметниот закон, при што се препорачува при изготвувањето на таквите измени и дополнувања на законот треба да бидат вклучени и претставници од надлежните институции.